Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се организира втора јавна анкета и јавна презентација на ДУП за дел од блок 12, УЕ 2 во Општина Струмица**,** со површина од 0,64ха. кој граничи:

- осовина на ул„Широк Дол”;
- осовина на ул„Балканска”;
- осовина на ул „Крушевска Република”;

Одлуките за организирање на втора јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Втората јавна анкета ќе трае од 15.06.2021 година до 22.06.2021 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на АРМ Струмица, на ден 17.06.2021 година во 11:00 часот.

Заинтересираните физички и правни лица можат на анкетни листови да достават забелешки и предлози по предлогот на планот, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Бр.03-3508/4
09.06.2021 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски